

**Томислав Османли**

Скоро ќе се соочиме со нашата наива и живеењето од идеолошкиот занес што го пумпа власта, која сè повеќе се одржува со идеологија и пропаганда наместо со вистински дела и постигнувања. Што живее од симулакруми, од виртуелни вредности. Така зад сите скапи спотови во кои во суштина се рекламираат партиски идеолошки вредности, за кои, се наведува, се потрошени над седум милиони буџетски пари (и никому ништо) стои колапсот на целиот јавен радиодифузен сервис

**САЛОН ЗА ПОЧЕТНИЦИ (41)**

# Ехо на бронзените идеи

Се надевам, барем: покрај толкуте споменици, во новата пролет што би требало да настапи плански, во 100 чекори и 36 споменици, на нашиот централен плоштад пак ќе се вратат гулабите. Одамна кутрите, изгонети од бришаниот простор, некогаш пропорционално означен со зградите на Офицерски, Мацура, Нама и Банката, наскоро во шумата споменички бронзи, среде мртвата војска од фигури и птиците во смрзнат лет по лажното небо од фасадата на спомен-домот на Мајка Тереза, собрани од истории и декоративни дезени, построени во нова мисија под ова исто небо, се плашам дека единствен знак на слободен лет ќе бидат - гулабите.

Се разбира дека ова е метафора. Ова, од друга страна, не е салонска приказна, туку приказна за виртуелната реалност што ни ја аранжираат под отворено небо. Сеењето споменици, недобројни спотови, помпезни изданија, ирелевантни претстави што оваа влада ги презема не водејќи сметка ниту за правната процедура ниту за граѓанските мислења што со тие чинови искажуваат длабоко несогласување - речито говори за стилот на едно владеење. Каков е, значи, тој стил? Мегаломански зашто исполнува „високи квоти" и габарити. Изразито волунтаристички, со оглед на непочитувањето на процедурите, бирократски арогантен, поради непочитувањето на поинаквото мислење на една квалификувана, стручна и естетска јавност. Таков е бидејќи неговата цел не е естетска, туку - идеолошка и пропаганда. Како пропаганден тој е недемократски. Со таа разлика што тоа денес многу-многу не го засега никого. Во Македонија, за разлика од Европа, недостасува критичка свест на јавноста. Од друга страна, несогласувањето лесно го прекршува волунтаристичката власт (како со протестот на млекопроизводителите од Битолско) или со принципот на камбаната, во македонскиот случај на карванот (кучињата лаат, сите други си траат, а карванот си врви). Во демократските земји принципот се вика камбана, зашто потсетува на мотото од најпознатото дело на Хемингвеј („За кого бијат камбаните"), кое имено гласи: „камбаните бијат за тебе!". Навремените аларми кај нас не се признаваат, затоа нашите поуки секогаш се извлекуваат задоцнето, по катастрофите за кои, потоа, никој не е виновен (Кој ја продаде „Окта"? Кој ја изврши приватизацијата? Кој ќе ги обесштети млекопроизводителите? Кој ја упропасти МРТВ? Кој ги уништи медиумските знаци на државноста? Кој ги сее скапиот кич и невкус во овој сиромашен културен простор?...), а доцниме зашто сме чеда на Трпе, а сограѓани на Трајче, при што Стојче е на власт...

Во нашиот одземен јавен простор и ново време во кои нема место за обичните, непропагандни намени и виталистички вредности, престојуваат одвеани идеи на дух и луѓе од мермер и бронза, кои не го продлабочуваат, туку наполно го збунуваат живиот, и без тоа расколебан, идентитет на народот. Како да се работи за програма за растурање на постојните вредности и запловување во еден аксиолошки вакуум. Споменикот, музејот и восочната фигура се знакот и метафората за ова време. Нивната естетска мерка - кичот. Суштината - симулакрумот, виртуелниот свет на лажни вредности и мегаломански димензии, кој го истиснува оној вистинскиот, мал и човечки, од крв, месо, грижи, безработица, бесперспективност, економски и развоен шлајф, развивање лоши меѓународни односи, соседски негации и пасошки самонегации што никој ниту сака да ги запре... а нашите непријатели и прекуграничните шовинисти, ги радува до бескрај зашто се за чекор поблизу до уништувачките цели. Не ни се пишува добро. Карванот, важно, си врви.

И наспроти проблемите што сè потешко се евидентираат, со една самоуништена опозиција и замолчена научна и академска структура, јавноста (широка и стручна) добива третман на клен пред блинкерот на манипулативната држава, голтајќи ја пропагандата идеја и нејзиниот незапрен континуитет - од 130-те книги, новите синекури на замолчените МАНУци, до кој-знае-колкуте градби, патетичните театарски претстави што како автори и режисери ги работат едни исти партиски миропомазани тројки заинтересирани за хонорарите, никако на уметноста; до црквичиња, скулптури, спотови и споменичиња, шмизли, дрва, мачки, коњи и коњаници, патетични квазинационални теми и проблематизации - цвакајќи ја и занимавајќи се со неа, наместо со клучните прашања што утре ќе нè удрат со сета сила по глава.

Скоро ќе се соочиме со нашата наива и живеењето од идеолошкиот занес што го пумпа власта, која сè повеќе се одржува со идеологија и пропаганда, наместо со вистински дела и постигнуваања. Што живее од симулакруми, од виртуелни вредности. Така зад сите скапи спотови во кои во суштина се рекламираат партиски идеолошки вредности, за кои, се наведува, се потрошени над седум милиони буџетски пари (и никому ништо), стои колапсот на целиот јавен радиодифузен сервис, нашата државна радиотелевизиска куќа децениски чувар на нашето медиумско создавање и паметење, што единствена во Европа е оставена на тивкото умирање. Зад шумата од споменици на бришаниот простор на плоштадот стои пропаста на гринфилд-инвестициите, зад помпата со отворањето на спомен-домот на Мајка Тереза, уништувањето на шведската инвестициона доверба, зад идејата за автопат со античко име, ризикувањето и на онаа електроавстриската. Зад општата слика на преземање, празнината на економскиот застој и непостоењето странски инвестиции, држењето на статус-кво што инвеститорите ги плаши и ги одбива. И тоа во годината во која се очекува економското цунами на светската рецесија.

Така остануваме сами. Со спомениците. И со спотовите. Со политиката на симулакруми и виртуелни наместо економски и развојни вредности. Со расколебан идентитет. Македоноиди, не Македонци (хуманоиди ли, наместо луѓе?). Ќе се почувствува кризата што тука има и домашни извори - еден од кои е сè порастрошната држава - кога ќе закажат примањата па јавноста ќе почне отворено да прашува каде се одлеаја буџетските пари излачени од граѓаните. Но тогаш не само карванот, тогаш и последниот воз ќе биде поминат. Ќе бијат камбаните со познатиот задоцнет аларм и како ехо што ќе се одбива меѓу шумата од споменични бронзи арогантно посеани како виртуелни идеи на една самодоволна власт, од чијшто звук ќе се плашат само гулабите зашто луѓето ќе бидат на друго место.

Се разбира дека оваа приказна е метафора за недоветното соочување со намножувањето лажни вредности, бронзените симулакруми и пропагандното произведување виртуелна стварност и лажни теми со кои се заобиколуваат оние вистинските.

**(продолжува)**

## Рекоа...



**Мерсел Биљали**

Бродот, наместо кон Европа, плови кон Индија и Пакистан и поминува низ Островите на сирените каде што се слуша еротскиот глас на сирените, за жал тоа може да биде многу трагично за нашите граѓани.



**Ивон Величковски**

советник од ЛП

Внатре убаво изгледа, ама кога ќе се земе во целина, објектот на градското собрание личи како на стара баба да ѝ облекле миниздолниште.



**Емилијан Станковиќ**

СДСМ не може да го премолчи тоа што државните институции се користат како општински комитети на ВМРО-ДПМНЕ и притисоците и заканите во собирањето потписи за претседателскиот кандидат. Ќе отвориме досие за злоупотребата на власта и ќе го доставиме до сите релевантни и надлежни институции.



**Александар Бичиклиски**

Кадровските промашувања и алиби прес-конференции на СДСМ се факт за почеток на сценариото за бојкот на претстојните избори.



**Али Ахмети**

Му гарантирав на Хашим Тачи дека ние максимално се ангажираме изборите да бидат слободни, фер и демократски, без заплашување за луѓето.

**новамакедонија Ретро**

**7 февруари 1971 година**



„Повардарие"-Неготино, 1993

## Колку жители ќе има СР Македонија?

На 1 април годинава ќе почне пописот на населението и станови, што ќе трае десетина дена. Историјата на пописите на југословенските народи укажува на пописи од период пред обединувањето до 1918 година и на период после тоа до денеска. Во тоа време само во Македонија и Црна Гора не се вршени пописи на население во современа смисла. Во подрачјето во состав на Турската империја се сретнуваме само со пребројување на машко население или само на главите на семејствата.

Во вториот период, меѓу двете светски војни, се спроведени два општи пописа и тоа во 1921 и 1931 година. Третиот што бил подготвуван за 1941 година, не е извршен поради војната. Овие два пописа биле слични по содржина и имале големи значење за согледување на населението на целокупната територија на Југославија.

Меѓутоа, огромни се промените до кои дојде во периодот од 1961 година до денеска, кога непосредно претстои и четвртиот попис на населението. Дали ќе се потврди сегашната процена која изнесува 1.620.000 жители и дали со исто темпо расте населението, какви промени се случиле во неговиот национален и економски состав, во нивото на писменоста и школската наобразба, во резервите на работната сила и нејзиниот квалификационен состав и слично, ќе треба да открие овој попис што ќе почне 1 април оваа година а ќе заврши десет дена потоа.